# В-1 ПОСТАПКАТА ЗА ИЗВОЗ

## ОПШТО

*Член 174 став 1 и 2 од ЦЗ*

Со постапката на извоз, царинскиот орган одобрува домашна стока да се изнесе од царинското подрачје.
Извозот, вклучува примена на формалностите за извос и изнесување и примена на мерките на трговската политика.
Домашната стока која е наменета за извоз (испратена во странство) се става во извозна постапка.

### В-1-1 ПОСТАПКА НА ИЗВОЗНОТО ЦАРИНЕЊЕ

Извозната постапка овозможува домашната стока да го напушти царинското подрачје на Република Македонија.
За стоката које се извезува се поднесува царинска декларација (во рубриката 1 од ЕЦД-то се запишува ознаката EX буква (A,B или Z) и број1.
Домашната стока пријавена за извоз , се наоѓа под царински надзор од моментот на приемот на царинската декларација па се до изнесувањето на стоката од царинското подрачје на Република Македонија, тоа значи дека пуштањето на стоката за извоз се одобрува под услов предметната стока да се изнесе од царинското подрачје во иста состојба (вид и количина) во која се наогала во моментот на прифаќање на извозната царинска декларација

### В-1-2 МЕРКИ НА ЦАРИНСКИ НАДЗОР

*Член 234 и 235 од УСЦЗ*

Стоката која се става во извозна постапка не се пушта доколку не е пломбирана. Пломбирањето се врши на просторот во кој се наога стоката, од транспортното средство, како погодно за пломбирање или на секој поединечен колет во останатите случаи. Пломбите треба да ги имаат карактеристиките дадени во Прилог 35 од УСЦЗ.
Трансортните средства може да се прифатат како погодни за пломбирање под услов: пломбите да можат да се наместата на нив на едноставен и ефикасен начин; да се така конструирани за стоката да неможе да биде отстранета или внесена без да се остават видливи траги или без да се оштетат пломбите; да не содржи скришни простори каде што може да се скрие стоката, просторот наменет за товарот да се лесно пристапни за проверка од страна на царинскиот орган.
Секое патно возило, приколка, полуприколка или контејнер, одобрен за превоз под царинска пломба согласно конвенцијата ТИР се смета за погодно за пломбирање.
Појдовната царинска испостава може да се откаже од пломбирање доколку со примена на други мерки стоката може веднаш и лесно да се идентификува според нејзиниот опис даден во извозната декларација или нејзините придружни документи.
Описот на стоката може да допринесе за идентификација на стоката, кога тој е

доволно прецизен за да може да се обезбеди лесна идентификација на количината и видот на стоката.

## В-1-3 НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

*Член 404 од УСЦЗ*

Извозната декларација се поднесува во писмена форма на образец ЕЦД. Извозник е лице со седиште во Република Македонија во чие име е поднесена царинска декларација и кој е сопственик на стоката или има слични права за располагање со неа во моментот на прифаќање на декларацијата. Кога сопственоста или слични права на располагање со стоката припаѓаат на лице со седиште надвор од Република Македонија согласно договорот на кој е заснован извозот , за извозник се смета договорната страна со седиште во Република Македонија.
При извоз во рубриката 37 од ЕЦД-то се запишува шифрата 10.

## В-1-4 ЦАРИНСКИ ОРГАН ЗА ИЗВОЗ

*Член 174 став 4 од ЦЗ*

Извозната декларација се поднесува кај царинската испостава која е надлежна за надзор на местото каде што извозникот е регистриран или местото каде што се врши пакување или натовар на стоката за извоз.

**Исклучоци**

*Член 405 од УСЦЗ*

Кога од административни причини (нема царинска испостава, ограничувања за царинење во одредени испостави и др.) одредени неможе да се поднесе извозна царинска декларација кај царинската испостава која е надлежна за надзор на местото каде што извозникот е регистриран или местото каде што се врши пакување или натовар на стоката за извоз, извозна декларација може да се достави до било која царинска испостава која е надлежна за предметна постапка на извоз (зависно од видот на стоката, царинска постапка, одредени барања и контроли на стоката и др.)

*Член 406 од УСЦЗ*

Кога има посебно оправдани и образложени причини (на основа на писмено и образложено барање), извозната декларација може да се прифати, од царинска испостава различна од наведената во член 174 став 4 од ЦЗ, или од царинска испостава различна од онаа наведена во член 405 од УСЦЗ.

### В-1-4-1 *ДОКУМЕНТИ ПРИЛОЖЕНИ КОН ИЗВОЗНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА*

Кон извозната декларација мора да се приложат фактурата и превозните

документи.
Царинскиот орган каде извозната декларација била поднесена, во рубрика А го запишува регистарскиот број од контролникот за извоз, како и потпис и факсимил на царинскиот работник и ја пополнува рубриката Г со царински идентификациски ознаки, нивниот број како и последниот рок на излез на стоката од Република Македониј, потпис и факсимил на царинскиот работник и печат. Рокот за излез на стоката се одредува во однос на местото на намена и органот при излез.
Кога ќе се заврши проверката на декларацијата и пуштање на стоката во постапка, царинскиот орган каде извозната декларација била поднесена го задржува листот 1 додека листот 2 и3 од ЕЦД-то му го врачува на учесникот во извозната постапка. Се преземаат мерки за обезбедување на идентитетот на стоката ( опис на стоката во ЕЦД-то, поставување на царински ознаки на колетите односно на товарниот простор). Листот 2 и 3 од ЕЦД-то ја придружуваат стоката до излезниот царински орган.

Гаранција при поднесување на извозната декларација не е потребна , бидејќи извозните давачки моментално не се пропишани. При извоз согласно член 24 од Законот за данок на додадена вредност не се пресметува ДДВ, бидејќи извозот на стоката претставува даночно ослободување .

### B-1-4-2 *ЗАЕДНИЧКА ИЗВОЗНО - ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ПРИ ИЗВОЗНО ЦАРИНАЊЕ НА АКЦИЗНА СТОКА*

*Член 408 став 6 од УСЦЗ*

При извоз на акцизна стока се применува извозна постапка а **потоа задолжително транзитна постапка или заедничка извозна-транзитна постапка**.

### B-1-4-2-1 Постапка со акцизниот документ:

Кога, согласно законот за акцизи, кон извозната царинска декларација е потребно да се приложи акцизен документ, царинскиот орган треба да провери дали податоците од акцизниот документ се совпаѓаат со подадотоците од извозната декларација.
По проверката на декларацијата и пред пуштање на стоката, царинскиот орган постапува на следниот начин:

- во рубриката А на листот со реден број 2 од акцизниот документ во горниот десен агол се наведува бројот и датумот на извозната царинска декларација, потпис и факсимил на царинскиот работник и службен печат на испоставата,
- во рубриката Б на листот со реден број 3 и 4 од акцизниот документ се наведува бројот и датумот на извозната царинска декларација, потпис и факсимил на царинскиот работник, службен печат на испоставата и податоци за кусок на стоките ако постои при ставањето на стоките под царински надзор.

Појдовната царинска испостава го задржува листот со број 2 во прилог кон извозната декларација, а листовите со број 3 и 4 се враќаат на декларантот.

### B-1-4-2-2 Постапка со ЕЦД

При извоз на акцизна стока се поднесуваат ЕЦД со листови 1,2,3,4 и 5, каде во рубрика 1 се запишува шифра ЕХ А Т1. Сетот 1, 2 и 3 се однесува за извозната поСтапка, а сетот 1, 4 и 5 се однесува на транзитната постапка. Во оваа заедничко извозно транзитна постапка листот број 1 од ЕЦД е заеднички и за извозот и за транзитот. На извозната декларација во рубриката 44 мора де биде запишана шифра за приложениот акцизен документ - А01.
По проверка на декларацијата и пред пуштање на стоката , царинскиот орган ја пополнува рубриката А од листови 1, 2 и3 на ЕЦД, со регистарскиот број од контролникот за извоз, датум, потпис и факсимил на царинскиот работник. Исто така царинскиот орган ја пополнува и рубриката В од листовите 1, 4 и 5 од ЕЦД, со регистарскиот број од контролникот за транзит, датум, потпис и факсимил на царинскиот работник.
Соодветно се пополнува и рубриката Г (заедничка рубрика)од листовите 1, 2, 3, 4 и 5 од ЕЦД.Листот бр.1 од ЕЦД ( кој има два регистарски броеви и во рубрика А и во рубрика В) го задржува извозниот царински орган, листот 2 и 3 од ЕЦД се враќа на декларантот, а листовите 4 и 5 од ЕЦД ја придружуваат акцизната стока до излезниот царински орган на Република Македонија.

*Член 408 став6 од УСЦЗ*

Во овој случај на заедничка извозно транзитна постапка, на сите примероци од транзитниот документ (на листот 4 и 5) кој се испраќаат до излезниот граничен орган, дијагонално по целата должина со печатни букви се запишува „ИЗВОЗ„.Граничниот царински орган на излез го контролира физичкото изнесување на стоката.

По спроведување на извозната постапка започнува транзитна постапка со обезбедена банкарска гаранција, согласно одредбите за транзит. Во случај кога акцизните стоки нема да бидат изнесени од царинското подрачје (непотврден излез), се активира гаранцијата и се наплаќа акциза.

## B-1-5 ЦАРИНСКИ ОРГАН ПРИ ИЗЛЕЗ

Ако стоката се извезува преку железница, пошта, воздух или воден пат, царинскиот орган при излез е оној орган во кој што се превзема стоката под еден транспортен договор, за транспорт во друга земја од страна на изведувач на железничка компанија, поштенски служби ,авио или езерски компании. Тој царински орган го заверува излегувањето на стоката на листот 3 од ЕЦД-то.
За стока извезена по цевоводи или за електрична енергија, царински орган при излез е оној орган кој е одреден од страна на Царинската управа.
Ако стоката се извезува со други средства или околности кои не се погоре

наведени,(патен сообраќај) царински орган при излез е последниот орган пред стоката да го напушти царинското подрачје на Република Македонија .

### В-1-5-1 ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА СТОКАТА

Царинскиот орган на излез проверува дали стоката ставена на увид одговара на стоката декларирана за царинска постапка на извоз и врши надзор на нејзиното физичко изнесување .Царинскиот орган на излез го потврдува стварното изнесување од царинското подрачје така што на задната страна од листот број 3 од ЕЦД-то го запишува евидентентниот број од контролникот за излез, датум и печат на царинскиот орган на излез, истото го прави и на листот бр.2 од ЕЦД-то.Царинскиот орган на излез го задржува листот бр.2 во својата евиденција а го враќа заверениот примерок од листот број 3 на лицето кое го поднело документот (превозникот), или на главниот обврзник наведен во рубрика 50 ако има со цел истиот да се врати на декларантот. Кога декларантат ја запишал забелешката "RET-EXP" во рубриката 44 (со прилог на адресирано плико и марка) или на некој друг начин ја изразил својата желба да му се врати листот со број 3 , царинскиот орган може да го врати документот на декларантот по пошта или на некој друг соодветен начин, како на пр. или на главниот обврзник наведен во рубрика 50 ако има седиште кај царинскиот орган на излез.
Наведениот начин на потврдување на излезот од царинското подрачје не се применува за стока извезена по цевоводи и со електрични водови.

### В-1-5-1-1 Утврдување на неусогласеност мегу стоката и ЕЦД-то

*Член 408 став 5 од УСЦЗ*

Кога царинскиот орган на излез утврдил дека дел од стоката или целата стока недостасува, тоа го забележува на декларацијата и го известува извозниот царински орган. Царинскиот орган на излез во овој случај превзема мерки за пропишани за повреда на царинските прописи.
Кога царинскиот орган на излез утврдил дека има вишок на стока, не дозволува изнесување на таа стока додека извозните формалности не се завршат за целата стока. Царинскиот орган на излез во овој случај може да превземе мерки пропишани за повреда на царинските прописи.
Кога царинскиот орган на излез утврдил разлика во поглед на видот на декларираната стока,не дозволува изнесување на таа стока се додека извозните формалности не се завршат за вистинскиот вид на стока, и исто така ќе го извести извозниот царински орган. Царинскиот орган на излез во овој случај превзема мерки за пропишани за повреда на царинските прописи.

**В-1-5-1-2 Извозна стока која не го напуштила царинското подрачје**

*Член 408 став5 трети подстав од УСЦЗ*

Кога стоката пуштена за извоз не го напушта царинското подрачје односно останува во царинското подрачје, извозникот веднаш писмено ја информира појдовната извозна испостава. Листовите 2 и 3 од ЕЦД од предметната декларација се враќаат до тој царински орган без ставање на увид на предметната стока. Понатаму царинскиот орган ја поништува предметната извозна царинска декларација.

**В-1-5-2 СПЕЦИФИЧНОСТИ ПРИ ИЗЛЕЗ НА АКЦИЗНА СТОКА**

Акцизната стока на излез ја придружуваат листовите 4 и 5 од ЕЦД-то. Царинскиот орган на излез (гранична царинска испостава) на листовите 4 и 5 од ЕЦД го потврдува излегувањето на стоката во рубриката З, каде што се забележува датум на пристигнување на стоката, шифра на излезниот царински орган со запишување на регистарскиот број од контролникот за излез, датум, потпис и факсимил на царинскиот работник и печат, како и датум на испраќање на потврдата на прием до извозниот царински орган. Листот број 4 го задржува царинскиот орган на излез а оверениот лист бр.5 од ЕЦД се враќа на царинскиот орган на извоз, како потврда на прием.

**Упатството започнува да се применува од 01.01.2006 година.**